ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПОЛОШКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Адреса: Ул. Његошева 2, кат-I 1200 Тетово
Република Северна Македонија

QENDRA PËR ZHVILLIM TË RAJONIT PLANOR TË POLLOGUT
Adresa: Rr. Njegosheva 2, kati I-rë 1200 Tetovë
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel: +389 (0) 44 618 062; web: www.rdcpolog.mk; e-mail: procure@rdcpolog.mk

Врз основа на член 69 став 1 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 51/11) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина (Сл.весник нр.147/08), Центарот за развој на Полошкиот плански регион донесе

**ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Се известува заинтересираната јавност дека Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад на Полошкиот плански регион донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина за плански документ Регионален план за управување со отпад за Полошкиот плански регион со што е отпочната процедура за стратегиска оцена на планскиот документ.

Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина, заедно со Регионалниот план за управување со отпад за Полошкиот плански регион ќе бидат достапни за јавен увид на интернет страната на Центарот за развој на Полошки плански регион (https://rdcpolog.mk) и во просториите на центарот, секој ден од 08.00 до 16.00 часот во текот на периодот за јавен увид (13.11.2019 – 13.12.2019). Јавниот увид ќе трае 30 (триесет) денови од денот на објавувањето на соопштението. Јавните расправи по Нацрт извештајот за стратегиска оцена ќе се одржат во Тетово на ден 12.12.2019 во просториите на салата на советот во 12.00 часот и Гостивар на ден 11.12.2019 година во просториите на салата на советот во 12.00 часот.

Сите коментари поврзани со нацрт извештајот за стратегиска оцена може да се достават на следниот начин:

- електронски на следната адреса: info@rdcpolog.mk (контакт лице Мерита Рамадани),
- по пошта на следната адреса: Ул. Његошева бр.2, Тетово,
- директно во Центарот за развој на Полошки плански регион преку соодветен образец за коментари.

**Центар за развој на Полошки плански регион,**
**Раководител,**

**Фатмир Саити**